До
НАСТАВНО-НАУЧНИОТ СОВЕТ НА
ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ ВО ТЕТОВО

ПРЕКУ
РЕЦЕНЗЕНТСКАТА КОМИСИЈА за избор-реизбор на наставници во сите наставно-научно звања на Универзитетот во Тетово за покривање на предметите: **1. Општа лингвистика; 2. Лексикологија на современиот македонски јазик; 3. Дијалектологија на македонскиот јазик во состав:**

1. ред. проф. д-р Соња Новотни, претседател
2. ред. проф. д-р Мери Цубалевска, член
3. вонр. проф. д-р Арбурим Исени, член

# ПРИГОВОР
# НА РЕЦЕНЗЕНТСКИОТ ИЗВЕШТАЈ

од **д-р Дијана ПЕТРОВСКА**, кандидат на Конкурсот за избор-реизбор на наставник во сите наставно-научни звања на Универзитетот во Тетово од 9.6.2021 г. објавен во весниците *Коха*, *Слободен йечаш* и на веб-страницата на Универзитетот во Тетово (www.unite.edu.mk/konkurse).

ПРИГОВОРОТ се поднесува заради следните причини:

1) Несоодветно назначување на членови на рецензентската комисија. Членовите од комисијата не ги исполнуваат условите за членови на оваа рецензентска комисија заради некомпетентноста за предметите огласени на Конкурсот.

– ред. проф. д-р Соња Новотни, претседател на Комисијата, на постдипломски студии се запишува во август 1987 година, а магистрира 1994 година (после 7 (седум!) години) на тема: „Верковиќевиот апостол – лингвистичка анализа“. На докторски студии се запишува 1995 година, а докторатот со тема: „Патерикот бр. 77 (лингвистичка анализа)“ го одбранува 2003 година (после 8 (осум!) години) на 41-годишна возраст. Нејзиното поле на интерес е старословенскиот јазик и неговите лингвистички анализи. Во ниеден случај не е пронајден нејзин труд со теми од Лексикологија на современиот македонски јазик, а уште помалку од Дијалектологија на македонскиот јазик. Тоа ја прави некомпетентна да носи стручни судови за овие предмети.

– д-р Мери Цубалевска е редовно вработена во Институтот за македонски јазик со научно звање: научен советник. Потесна област на научноистражувачки интерес: палеославистика, црковнословенски јазик, историска лексикологија и лексикографија,

историско зборообразување. Таа нема наставно звање и не учествува во наставен процес. Тоа што научното звање научен советник во слободна интерпретација може да се поистоветува со наставно-научното звање редовен професор не ги овозможува истите ингеренции. Имено, во сите одлуки на Институтот за избор во научно звање, именуваната ги има звањата: научен соработник, виш научен соработник и научен советник. Наведеното може да се потврди со увид во оригиналната документација на Институтот и со одредбите од Законот за високо образование.

– вонр. проф. д-р Арбурим Исени, член на рецензентската комисија, предава Креативно пишување, Интерактивна настава, Морфологија на Катедрата за Англиски јазик и литература, што го прави некомпетентен за носење на стручни рецензии од областа на Лексикологија на современ македонски јазик и Дијалектологија на македонскиот јазик. Докторирал на тема: „Сличностите и разликите меѓу нормите на Канонот на Лека Дукаѓини и ареалот на западните кодови". Ниеден негов труд нема никаква поврзаност со предметите што се предмет на Рецензијата.

2) И покрај тоа што рецензентската комисија е должна да даде целосен извештај за приложените вредности на кандидатката д-р Дијана Петровска и да ги вреднува и оцени сите доставени документи поединечно, наведувајќи ги сите монографски изданија, научни трудови и списанија во кои се објавени, со сите задолжителни податоци: наслов, година на издавање, издавач, број на страници и со сите други неопходни показатели од кои може да се носат сериозни и научни заклучоци, Комисијата си зела за право со некакво кратко дескриптивно и импресионистичко наведување на безначајни и апсолутно неточни наводи да ја дисквалификува кандидатката, пишувајќи недоветности кои воопшто не можат да бидат спомнати ниту во наједноставни дневни извештаи, а камоли во сериозна рецензија која оценува научни вредности. Така, високоучените рецензенти пишуваат:

1. *Во приложените документи на кандидатката* ***отсуствува било каков документ за избор во звање (помлад асистент, асистент, доцент)*** *што децидно се бара во Конкурсот, бидејќи се работи за* ***избор-реизбор*** *на наставник во сите наставно-научни звања, а во конкретниов случај се бара Одлука за избор во звањето доцент по наведените предмети од компетентен орган, односно од Универзитетот во Тетово.*

Во ниеден дел на објавениот конкурс „децидно не се бара" каков било документ за каков било избор во звање, туку се наведува дека **доколку** кандидатот има документ за некаков претходен избор во звање да го приложи документот (одлука, решение...) како не би се повторил избор во исто звање.

Точно е дека во Конкурсот, како впрочем и во сите конкурси кои се објавуваат на високообразовните институции, се работи за избор-реизбор. За да им биде појасно на рецензентите, именката *избор*, машки род, значи можност да се избира, да се земе едно или друго решение, а именката *реизбор*, машки род, значи повторен избор! Значи: *избор* е кога кандидатот ќе го изберат во повисоко звање, а *реизбор* е кога ќе го реизберат во дотогашното звање. Никаде не пишува, ниту смее да пишува дека Конкуростот е наменет за некого. Тоа не е интерен оглас, па ќе важи само за некого! Тоа е јавен конкурс и секој има право, загарантирано со Закон и Устав, да учествува на Конкурсот!

**Значајно е да се истакне дека темите на магистерскиот и на докторскиот труд на кандидатот доц. д-р Марковиќ, воопшто, не соодветствуваат со предметите што тој ги предава на Универзитетот и коишто се огласени на Конкурсот.**

2. *Кандидатката докторирала пред две години, на 44 години и се здобила со звање доктор по хуманистички науки – македонистика – научноистражувачки студии на македонскиот јазик, што не соодветствува со научно звање за наставна насока, туку со научно-истражувачка насока.*

Воопшто, останува нејасно каква врска има тоа што кандидатката докторирала на 44 години (?!). Таа се здобила и има звање доктор на науки! Ете, и претседателката на Рецензентската комисија докторирала на 41 година, па после 18 години станала претседателка на рецензентска комисија!

Членот на комисијата д-р Мери Цубалевска има научно звање: научен советник. Потесна област на научноистражувачки интерес: палеославистика, црковнословенски јазик, историска лексикологија и лексикографија, историско зборообразување, што не соодветствува со научно звање за наставна насока, туку со научно-истражувачка насока. Во нејзината библиографија никаде нема показател дека се занимавала со дијалектологија!

Сериозен пристап на рецензија од страна на Комисијата подразбира да се наведе податокот дека кандидатката д-р Петровска од 1996 година е директно вклучена во наставниот процес во основно образование (за што поседува мноштво сертификати, пофалници, награди, реализирани проекти...), а од 2013 година, паралелно, е вклучена и во наставниот процес во високото образование, односно има 25-годишно работно искуство во воспитно-образовниот наставен процес. А тоа, секако, носи бодови во табеларниот приказ за наставна насока. Исто така, кандидатката д-р Петровска во своето работно искуство четири години, односно цел мандат, извршуваше раководна функција – директор на основно училиште, што, пак, носи дополнителни поени за наставна насока.

3. *Кандидатката ги има поднесено останатите потребни документи, но го нема потребното соодветно искуство во наставно-образовниот процес по предметите за кои е распишан Конкурсот, имено кандидатката одржувала* ***вежби*** *на Универзитетот во Тетово, Катедра по македонски јазик и литература по предметите: Фонологија на современ македонски јазик, Ономастика, Основи на лекторирање, Зборообразување на македонски јазик, Синтакса на македонски јазик, Психолингвистика, Историја на македонски јазик, Фразеологија на СМЈ. Во суштина не одржувала* ***вежби и предавања*** *по ниту еден од предметите за коишто е распишан Конкурсот, со што нема ниту ден искуство во наставно-образовниот процес за наведените предмети.*

Во Конкурсот никаде не е наведено дека се бара некакво искуство! Имено, во Конкурсите за високообразовните институции, невообичаено е да се бара некакво искуство! За научно-наставното звање доцент, за кое што се има пријавено кандидатката д-р Дијана Петровска, воопшто не може да се бара работно искуство, бидејќи со тоа звање се започнува академската кариера! Претседателката на рецензентската комисија од 2006 година до 2008 година била научен соработник во Институтот за национална историја во Скопје, а истовремено од 2004 година до 2010 година била и доцент на Универзитетот во Тетово! Малку необично, но таа, исто така, немала никакво работно искуство од наставно-образовниот процес, а се вработила на две работни места!

Кандидатката д-р Дијана Петровска одржувала и предавања и вежби и по други предмети на Универзитетот во Тетово и на дисперзираните факултети во Кичево за што постојат и докази во Архивата на Универзитетот во Тетово.

**Наместо непотребните искази, премногу значајно е да се истакне дека кандидатката д-р Петровска дипломирала и докторирала токму на теми од областа Дијалектологија на македонскиот јазик, организирала и одржувала дијалектолошки работилници, учествувала и била носител на повеќе истражувачки владини проекти и проекти од Министерството за култура на Македонија поврзани со Лексикологија на современиот македонски јазик и со Дијалектологија на македонскиот јазик, и ден-денес работи проекти од оваа област, три од нејзините четири монографии се од областа на дијалектологијата и на лексикологијата на македонскиот јазик, за разлика од другиот кандидат кој е несоодветен за овие области и неговата магистерска и докторска тема се поврзани со старословенскиот јазик.**

4. *Кандидаткаша д-р Пешровска не е во редовен рабошен однос на Универзишешош во Тешово и не учесшвува во нишу еден орган и Комисија на Универзишешош.*

Нормално е дека кандидатката д-р Дијана Петровска не е во работен однос на Универзитетот и дека не може да учествува во ниту еден орган и Комисија на Универзитетот! Во вреднувањето на кандидатите, работата на рецензентската комисија е да ги оценува достигувањата на полето на науката и образованието, при што кандидатката д-р Дијана Петровска има извонредни и докажани резултати, што комисијата со ненаведување на детален преглед се обидува да ги скрие и да ги премолчи и покрај тоа што им е сосема јасно за какви висококвалитетни остварувања станува збор и сите (статии, монографии и национални и меѓународни проекти на коишто е автор и носител) се непосредно поврзани со лексикологијата и со дијалектологијата на македонскиот јазик! А учествата во органи и Комисии е повеќе значајно во месните заедници и во општинските администрации!

5. *Кандидаткаша нема коншинуишеш во сшудирањешо, односно коншинуишешош е од 1998 г. до 2019 г. (речиси 22 години) и освен шшо дийломирала на Универзишешош во Тешово, сише осшанаши дийломи ги сшекнала на друг универзишеш.*

Воопшто не е јасно што сакале членовите на комисијата да кажат со оваа мудрост! Во нормални околности, континуитет во студирањето се подразбира не според поминатите години, туку според областа со која се занимаваат! Малку да појаснам, за подобро да се разбере: значи, од факултетот до докторирањето да се занимаваат со иста научна материја! Кандидатката д-р Дијана Петровска тоа го има! Еве, според таа логика на нелогичноста, и претседателката Новотни нема континуитет во студирањето! Од завршувањето на факултетот (1986 ) до докторирањето (2003) поминале 17 години! Сите дипломи ги стекнала на друг универзитет, и нема дипломирано на Универзитетот во Тетово! И никаде во Конкуорст не пишува од кој Универзитет треба да поседува диплома кандидатот! Според оваа голема мудрост, и кандитатот д-р Михајло нема континуитет, бидејќи и тој има стекнато диплома од друг Универзитет!

Континуитетот во студирањето на кандидатката д-р Дијана Петровска е: 1998 г. – Дипломиран професор по одделенска настава на македонски јазик на Педагошкиот факултет „Св. Климент Охридски“ – Скопје, УКИМ; 2011 г. – Дипломиран професор по македонски јазик на Филолошкиот факултет на Државниот Универзитет во Тетово со просек 9,57 (дипломска тема:

„Особености на тетовскиот говор и на лексиката од областа на казанџискиот занает (според искажувањата на еден тетовски казанџија)"); 2013 г. – Магистер на филолошки науки (постдипломски двегодишни студии) на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" – Скопје, УКИМ со просек 9,80 (магистерска тема: „Улогата на учебникот во контекст на другите современи средства за стекнување знаења); 2019 г. – Доктор по хуманистички науки – Македонистика – Научноистражувачки студии на македонскиот јазик на Филолошкиот факултет „Блаже Конески" – Скопје, УКИМ (докторска тема: „Тетовскиот говор – современа состојба").

6. *Рецензентската комисија смета дека* ***не е потребно да се бодира*** *кандидатката д-р Петровска не само поради неисполнетост на условите за избор-реизбор предвидени со овој Конкурс, туку и поради двојно подобрите резултати коишто вториот кандидат доц. д-р Марковиќ ги има остварено во наставно-научната и во наставно-образовната дејност во високото образование.*

Рецензентската комисија не може да смета дека не е потребно да се бодира некој од кандидатите, во случајов д-р Дијана Петровска, заради некакви измислено неисполнети услови, туку има обврска и должност да ги утврди, пресмета и објави во текстуален преглед сите приложени материјали, да ги прочита сите текстови, и врз основа на утврдена методологија и со научен пристап, да ги вреднува, и со табеларен приказ да ги покаже сите приложени материјали со поединечна вредност на секој и со конечна вкупна вредност изразена во поени!

Бидејќи тоа вреднување изразено во поени не е направено за кандидатката д-р Дијана Петровска, а е направено со кандидатот д-р Михајло, останува наразрешлива најголемата математичка загатка од каде тоа Комисијата, со кои егзактни и емпириски методи и формули утврдила дека вториот кандидат има „двојно подобри резултати коишто вториот кандидат доц. д-р Марковиќ ги има остварено во наставно-научната и во наставно-образовната дејност во високото образование". Како комисијата дошла до тоа големо и неверојатно прецизно сознание?

Потребно е да се истакне фактот, што самите членови на рецензентската комисија го соопштуваат и го тврдат, дека во бодовниот преглед се бодирани и трудови коишто се во план да се печатат. Во науката единствено се признава она што е јавно публикувано, обзнането и минато низ рецензентските филтри на издавачите. Секако, при пишувањето на рецензентски извештај се бодуваат исклучително објавени трудови и научни трибини. Сите други текстови и ненаучни трибини кои не соодветствуваат со огласените предмети не се земаат предвид, бидејќи „не се предмет на интерес за избор во звање на Универзитетот".

7. *Со еден збор, кандидатката* ***Петровска не ги исполнува условите предвидени со Конкурсот*** *за избор-реизбор на наставник во сите наставно-научни звања по предметите:* ***1. Општа лингвистика; 2. Лексикологија на современиот македонски јазик; 3. Дијалектологија на македонскиот јазик.***

Според ова што го кажува и пишува Комисијата, ова е единствен рецензентски текст на која било комисија во која „**со еден збор**", се кажува дека „кандидатката Петровска не ги исполнува условите предвидени со Конкурсот..."! Бездруго не знаат дека со еден збор не може да се избрише научното творештво со кое е исполнета библиографијата на д-р Дијана Петровска! И, бидејќи според наодите и проценките на Комисијата, кандидатката Петровска е соочена со кандидат кој има „двојно подобри резултати" Комисијата си зема за

право да не го стави научното звање „д-р“ пред презимето на кандидатката, бидејќи сметаат дека нивниот кандидат има двојно повеќе „д-р“!

Покрај погоре изнесените суштински повреди при именувањето и работењето на Рецензентската комисија која непрофесионално, нестручно и пристрасно постапува при вреднувањето на кандидатите, несоодветноста на образовните профили на членовите на Комисијата, несоодветниот профил на другиот кандидат за предметите коишто се објавени во Конкурсот под точка 9 на Филолошкиот факултет, во Приговорот ги наведувам и следните незаконски постапки при севкупната процедура на Конкурсот:

Јас како кандидат со законски гарантирани права на еднаквост во оваа јавна и транспарентна постапка укажувам дека ми беа одземени правата што ми ги овозможуваат Уставот и Законите!

а. Во текот на постапката на кандидатот Марковиќ му беше дадена можноста самиот да ги избира членовите на рецензентската комисија.

б. И покрај законската обврска во писмена форма да бидам известена за формирањето на рецензентската комисија и за составот на истата, тоа не беше направено, со што ми беше одземена благовремената можност да се произнесам за самиот состав на комисијата и да реагирам до соодветните и надлежни институции доколку беа забележани одредени недостатоци, судир на интереси, коруптивно однесување, евентуална поврзаност (роднинска, пријателска или која било блискост) со некој од членовите на Комисијата со некој од кандидатите, и да побарам мислење од Комисијата за спречување на корупција, од Народниот правобранител, од Државниот просветен инспекторат или од која било друга државна институција која ќе овозможеше регуларно и законско спроведување на постапките во текот на изборната постапка.

в. Исто така, укажувам и на намерните непрецизности и неточни наводи во наведената литература на кандидатот Марковиќ. Од она што е наведено, и што некако може да се следи, скоро сите трудови се потпишани од двајца автори Михајло Марковиќ – Соња Новотни или Соња Новотни – Михајло Марковиќ. Насловите на нивните објавени монографски изданија се различни од она што е наведено во приложената литература. Сметам дека е потребна посебна комисија за утврдување на вистинитоста за авторите на наведените трудови за да се утврди кој на што е автор. Да се провери, оти многу наслови се повторуваат, а и монографиите, кои исто така се коавторски (а во текстот нема напишано автор/коавтор), се совпаѓаат со насловите од магистерскиот и од докторскиот труд од претседателката на комисијата.

г. Укажувам дека според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања 1) се вреднуваат сите активности до изборот во звањето доцент и 2) се вреднуваат само активностите по изборот во звањето доцент, а рецензентската комисија свесно во целост ја прекршила оваа постапка, така што кандидатката д-р Петровска воопшто не ја оценила, а за што е должна да даде оценка, додека на кандидатот доц. д-р Марковиќ му ги вреднувала сите активности од почетокот, дури и учество во предлог-проект(!?), и бодовите ги зголемила, прикажувајќи ги како да се авторски, а, всушност, сите трудови се коавторски и носат многу пониски бодови.

д. Рецензентската комисија испушта во својот текст да го запише датумот на Одлуката за избор во звањето доцент. Недостасуваат датуми и податоци за потврдата за

познавање на странски јазик и за уверението за познавањето на албанскиот јазик – пишување и читање, коишто се наведени во условите на Конкурсот.

ѓ. На крајот, како илустрација на пристрастноста, неетичноста и необјективноста на рецензентската комисија наведувам еден од клучните аргументи што го приведуваат членовите на рецензентската комисија за што требало да се избере Марковиќ на овој Конкурс:

*Можеме да кажеме дека единствено доц. д-р Марковиќ со својата успешна научна дејност, младост, амбициозност, упорност, како и потребното искуство во научната проблематика во која се избира ги* ***исполнува законските критериуми*** *за избор во звањето во кое конкурира.*

Сметам дека во науката и образованието ***младост, амбициозност, упорност*** не се главните и најзначајните причини некој да биде избран. Што би рекле самите рецензенти: „не е предмет на интерес за избор во звање на Универзитет". Вакви изрази на воодушевување, нескриени симпатии и емотивност, воздигнување до ѕвездите, доликуваат и сведочат за нешто друго, а не за сериозен и научен текст каков што би требало да биде рецензентскиот текст.

Овој Приговор што го изјавувам **е навремен** иако е изјавен после објавувањето на рецензентскиот извештај во Билтенот на Универзитетот во Тетово, бидејќи согласно член 172 став (7) вв со став (6) од Законот за високото образование **роковите во периодот од 15 јули до 25 август во календарската година престануваат да течат**.

Врз основа на погоре изнесеното го изјавувам овој Приговор со предлог до Наставно-научниот совет на Филолошкиот факултет на Универзитетот во Тетово да го усвои, а Конкурсот за избор-реизбор на наставници во сите наставно-научни звања на Универзитетот во Тетово од 9.6.2021 објавен во весниците *Коха*, *Слободен печат* и на веб-страницата на Универзитетот во Тетово (www.unite.edu.mk/konkurse) за точка 9. Еден наставник во сите наставно-научни звања од областа на Општа лингвистика, Лексикологија на современиот македонски јазик, Дијалектологија на македонскиот јазик (64010, 64019, 64027 од класификацијата на научно-истражувачките подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација) **ДА ГО ПОНИШТИ И ДА ДОНЕСЕ ОДЛУКИ ЗАСНОВАНИ НА ЗАКОН**.

Датум:
Тетово, 11.8.2021 година

Подносител:
д-р Дијана Петровска
с.р.

адреса: ул. „А.Здравковски" бр. 31, Тетово
е-пошта: dijana.petrovska@unite.edu.mk
моб. тел.: +389 70 915 790